## ПАРАМИЛИТАРНИТЕ ФОРМАЦИИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН (1)

# МАРИОНЕТИ ВО РАЦЕТЕ НА ПОЛИТИЧАРИТЕ

*Проектот е реализиран со помош на данската асоцијација за истражувачко новинарство и поддржан од данската влада и проектот SCOOP*

Александар Писарев,
pisarev@kapital.com.mk

Што се случува со парамилитарните формации и нивните војници во регионот на Западен Балкан сега, кога мирот конечно дојде на овие простори? Креирани во најголем број случаи од тајните полициски и воени сервиси, овие паравоени и полутерористички формации го загрозуваат животот на локалното население и мирот на Балканот веќе дваесет години. Сега најголем број од владите на овие земји изјавуваат дека тие се расформирани и изолирани. Но, во текот на истражувањето се покажа дека тоа не е точно. Според нашите анализи во овој дел на Балканот сѐ уште има повеќе од 70-80.000 членови на различни вооружени групи кои можат да го загрозат мирот во регионот и кои се постојано на стенд- бај и под контрола на тајните служби и политички партии. Тие групи се поврзани и со организираниот криминал и со сите активности на екстремната емиграција која не ретко е и еден од финансиерите на нивното делување.

Ова е само дел од обемниот материјал кој е запишан или снимен во форма на интервјуа и изјави на повеќе од 160 страници и кој финалната верзија ќе ја доживее наскоро во книгата „Стимулатори на кризата“, заедно со претходните две истражувања поврзани со микрорегионите и маргинализираните етнички групи во Западен Балкан и илегалните патни правци и гранични премини во истиот регион.

### ЕМОЦИИ И ОРУЖЈЕ

Во текот на истражувањето бев соочен со најголем број од луѓето кои сѐ уште се под силен негативен набој, но и под оружје. Скоро две децении по првите воени судири на просторот на поранешна Југославија кои по својата жестина во некои региони беа покрвави од оние во текот на Втората светска војна поголем дел од учесниците се сѐ уште опиени од национализам и идеи за прекројување на граници.

Втората категорија на овие воини носат во себе горчина дека биле или со нив сѐ уште манипулираат тајните служби, политичките структури и поединци кои со воени средства гледаат да ги остварат своите цели. Во отсуство на сериозни програми за нивната ресоцијализација, препуштени сами на себе, социјално загрозени, без јасна понатамошна перспектива во животот тие се принудени на постојана лојалност кон своите творци и наредбодавци и постојано се на стенд- бај, подготвени повторно да облечат униформа и да земат оружје. Тоа е нивното средство за остварување на целта-политичка или криминална.


Формацијата црвени беретки во Србија после убиството на српскиот премиер Зоран Ѓинѓиќ е трансформирана во жандармерија како посебен сектор во МВР

Во последните недели додека го правев истражувањето, овие претпоставки во некои региони на Србија (Санџак) и Македонија (Танушевци, Дебелде, Липково, Бродец) се покажаа како точни.

Посебно загрижуваат парополициските и параразузнавачките структури кои делуваат на целиот простор на некогашна Југославија и некои соседни земји кои се замешани во многу сценарија за дестабилизација на регионот. Тоа се остатоците на некогашната УДБ-а и КОС (Управа за државна безбедност и контра извествувачка служба, последната делувала во рамките на ЈНА.) Овие две тајни служби кои имаа огромна мрежа на соработници на целиот поранешен југословенски простор се расформирани, но се останати нивните силни инсталации и логистика кои се на услуга на различни политички центри на моќ, политички партии, полициски, воени и паравоени и параполициски структури, групи за организиран криминал, а дел е и понатаму активен како кадар на новоформираните тајни служби и полиција во сега независните држави. Повеќето држави од регионот донеле или се обидуваат да донесат Закон за лустрација и да ги поентираат соработниците на овие служби.

Нивните активности се посебно забележителни на Косово, во Босна, Хрватска и Република Српска, каде што дел од мрежата е инволвиран во легалните тајни служби, а дел е политичко разузнавачко крило на паравоените формации. Поранешните борци на татковинската војна во Хрватска ја обвинуваат актуелната власт дека дозволила овие сртруктури да се инволвираат во највисоките државни органи на Хрватска.

### ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА СРБИЈА

После изборите и победата на демократското крило во Србија, се случи дешешелизација на Србија. Главниот актер Воислав Шешељ е во затвор во Шевенинген, а неговиот експонент Томислав Николиќ му сврте грб. Така актуелната власт во оваа држава успеа барем дел од милитантното крило на Српската радикална партија да го стави под контрола и



Српски паравоени формации



Српските четници многу сакаа да се фотографираат



Хрватски паравоени формации

да го демократизира и демилитаризира. Злогласните паравоени единици на "Црвените беретки" пред тоа веќе беа трансформирани во жандармерија под контрола на МВР, додека оној дел на различните гарди кој сѐ уште е лојален на војводата Шешељ како воено крило на радикалната партија е "на стенд- бај". Мали и не така мали групи со воена организација собрани се во новоформираната гарда Цара Лазара и Бели орли. Дел се наоѓа на Косово и во Санџак. Нивните крила под истиот назив делуваат и во Македонија, но повеќе како виртуелна, отколку како вистинска паравоена организација и се огласуваат единствено преку Интернет.

Лидерот на радикалите во Македонија, Драгиша Милетиќ за да ја извлече својата партија од маргините, повремено дава воени изјави. "Ние имаме одредени структури во регионот на Скопска Црна Гора (населен со Срби) и можеме брзо да се организираме како одбранбена формација во секоја критична ситуација", вели Милетиќ. За разлика од Македонија, каде неговите борци не се ни за парада, Српската радикална странка има далеку поорганизирана и реална формациска структура во Босна и на Косово.

Според неколкумина аналитичари од Косово, загрижувачки податок е дека во оваа новоформирана држава српските тајни воено-безбедносни служби пред осамостојувањето на Косово инсталирале помеѓу 2.500 и 3.000 добро обучени специјалци „за заштита на српското население".

Според аналитичарот Фаик Хоти од Приштина тие имаат силна логистика не само во Северно Косово, каде се чувствуваат како дома, туку и во помалите енклави населени со српско или неалбанско население во пограничните области кон Македонија и Албанија. Тие немаат воен назив, не носат униформи и нивните активности во овој момент се насочени главно на собирање на безбедносно разузнавачки податоци и на контрола на парамилитарните српски структури. Организираат и подготвуваат сценарија и провокации и кон легалните косовски органи и кон меѓународните претставници, што

**[ После заокружување на статусот на Косово се чини дека периодот на војните на Балканот би требало да отиде во историјата. Но, постои скриена опасност остатоците на некои парамилитарни формации кои се на стенд-бај под контрола на политичарите да го загрозат мирот во чувствителните региони на Западен Балкан како што се Косово, Македонија и Санџак ]**

се покажа и воочи со доаѓањето на меѓународната мисија Еулекс на Косово.

"На Косово паралелно со формирање на легалните безбедносни структури и на српската и на албанската страна се создадени илегални воени формации", вели Петар Шкрбина воено-политички аналитичар. Од албанската страна тоа се НОА (Национална ослободителна армија на Албанците и ФАРК (Вооружени сили на Косово) кои до неодамна беа спротивставени поради различни политички влијанија, пред сѐ од странство. Нивната бројна состојба се проценува на околу 30.000 вооружени борци и добро поставена организациско формациска структура.

Од српска страна сѐ уште се присутни припадниците на "Црна Рака", ОСА (Српска ослободителна армија) "Белите орли" (радикалите на Шешељ), и релативно мала, но добро обучена група во Северно Косово, под име "Чувари на мостот". "Се

проценува дека овие паравоени формации бројат околу 9.000 луѓе", вели Шкрбина.

Според него, и српската и албанската страна ги обединија своите сили. Формиран е добар команден кадар поставен врз таканаречената хоризонтална линија и самостојно одлучување на локално ниво, пополнет со искусни офицери од Србија и Албанија. Така, според некои неофицијални проценки, српскиот паравоен систем на Косово брои 20.000 луѓе, а албанскиот околу 40.000. Цел и на едните и на другите е да влијаат на понатамошните политички одлуки.



Припадници на АНА (Албанска национална армија)



Командант Хоџа, Цезаир Шакири, неговото омилено село е Танушевци

### ВАХАБИСТИ

Во Санџак владее загриженост од косовизација и преземање на ситуацијата во свои раце од страна на екстремното крило на Вахабистите. Една од поинтересните епизоди во целото истражување беше „потрага" по вахабистите -муџахедини во Босна и Санџак, за кои многумина „добро информирани" извори ми укажувaa дека се "до гуша вооружени", "крвoлочни" и организирани за конечна пресметка со немуслиманското население после што овој регион треба да добие автономија како прв чекор кон соединување со Босна после изгубениот дел на територија кој ѝ припадна на Црна Гора.

Една мала група муслимани, за кои српските тајни служби тврдат дека се припадници на вахабистичка терористичка организција, за време на ова истражување беа судени и осудени за терористичко здружување, бидејќи кај нив беше пронајдено оружје и пропаганден материјал со исламско фундаменталистичка содржина.

Според начинот на облекување и однесувањето, како и според повремените инциденти во џамиите при што имало и употреба на оружје, тие се присутни во овој регион. Нивниот начин на живот и работа е многу конспиративен, имаат силна логистика меѓу екстремените муслимани, така што безбедносните органи многу тешко или никогаш нема да ги откријат нивните водачи и центри во овој регион. Еден од одличните познавачи на проблематиката поврзана со делување на вахабистите е Сеад Садиковиќ од Бело Поле. Тој вели: "Во повеќе наврати се обидов да откријам кои се и со што се занимаваат тие вахабисти кои во регионот на Санџак, Босна и деловите на Црна Гора (и Македонија н.з.) ги бие толку лош глас. Имав многу контакти со нив. За мене, според нивните јавни манифестации и разговорот, тоа се прекрасни момци, високо образовани на најдобрите исламски факултети во светот, мирољубиви, секогаш подготвени за разговор и добри верници. Од нас обичните луѓе се разликуваат само според изгледот и специфичниот начин на облекување. Од моите контакти со нив јас кај нив не открив ништо што би ги сврстило во "Вахабии", во онаа негативна конотација. Но, она што е забележително, вели Садиковиќ, и што јас го гледам, а тие на тоа не ми даваат одговор на тоа е нивниот живот на висока нога. Тие возат скапи автомобили и џипови, секогаш имаат многу пари, и контактираат со најниските слоеви на муслиманското општество и со луѓе за кои постојат сомнежи дека се вплетени во мрежата на криминалот.

### ВЕРНИЦИ ИЛИ ТЕРОРИСТИ

Во 2007 година предупредив дека се засилува концентрацијата на вахабистите во регионот на Санџак. Тогаш уште не можеше и немаше конкретни податоци да се зборува за нивното милитаристичко здружување и организирање. Но, по неодамнешното убиство на Исмаил Прентиќ во судир со полицијата што се случи во непристапните делови на Санџак во близина на селото Долна Трнава, стана јасно дека покрај кампoвите во околината на Мостар во Босна, слични кампови за обука на паравилитарните вахабистички групи постојат и во Србија, на планините помеѓу Нови пазар и Сјеница.

Ситуацијата станува посебно сериозна после таканаречениот Собор на обединување на кој муфтијата санџачки Муамер Зукорлиќ ја потврди својата непоколеблива лојалност на Сараево и на партијата СДА.

Очигледно е дека голем дел од активностите на милитантното крило на санџачките вахабисти е под контрола на СДА. Со осамостојување на Косово нивната активност е засилена од две причини. Тоа може да биде силен поттик за притисок на српските власти за широка автономија на Санџак, со што Босна би добила компензација за „територијалното проширување" откако потполно ја изгуби контролата на Република Српска.

Сенад Рамовиќ - Беџан кој е ранет во еден од судирите со полицијата се смета за командант на милитарните вахбисти во Санџак иако е официјално во затвор во Нови Пазар поради издржување на казната. Практично тој е повеќе на слобода, бидејќи затворот го контролираат активни членови на СДА. Така Беџан повеќе време поминува во кампoвите за обука на вахабистите во Јабланица во Босна отколку во затворската ќелија во Србија.

Дарко Трифуновиќ од Факултетот за безбедност смета дека сѐ уште е во прашање релативно мала група на милитанти- вахабисти во Санџак, но според нивната обученост и големата количина на оружје со кое располагаат воопшто не се безопасни. "Очигледно е дека таа група претендира да стане предвесник на некаква регионална полиција. Против кого таа би делувала, сега не може да се каже но, со оглед дека имале силни врски со одредите на „Ел муџахедин" во Босна и дека се во директен контакт со „Активна исламска младина", која е цивилното крило на „Ел муџахедин" оваа парамилитарна организација може да предизвика дестабилизација во регионот на Санџак во сите три негови дела (Србија, Црна Гора и Босна), смета Трифуновиќ.

Европскиот експерт за тероризам Клод Маникe предупредува дека за кратко време фундаменталистите ќе регрутираат и ќе формираат терористички ќелии. Тој предупредува дека Македонија е сива зона од која луѓе од Блискиот и Среден Исток влегуваат во ЕУ за да формираат таканаречени заспани терористички ќелии.

Според Иво Котевски, помошник министер за односи со јавност во Министерството за внатрешни работи постојат оперативни сознанија дека хуманитарното здружение „Бамиресија" од Скопје, функционирало спротивно на уставниот поредок и имало за цел да воспостави шеријат како државно уредување. Ова здружение се поврзува и со сомнителни финансиски трансакции од Society of the Revival of islamic Heritage од Кувајт која е на црната листа на ООН, како дел од Ал каеда.

(Во следниот број: Манипулација со "Лавовите")